# ВОВЕД

Откако постојат претпријатија, проблематиката за трошоците била и останала еднакво актуелна како и денес. Трошоците биле и останале најквалитетен показател за работењето на претпријатијата без оглед на нивната дејност. Во секој случај кога се анализира финансискиот резултат на претпријатијата не случајно се истакнува дека квалитетот на економијата најмногу се условува со висината на трошоците. Зголемувањето на продажните цени како едноставен и лесен начин за остварување на разлика во цени би значело подобрување на финансискиот резултат на друго претпријатие. Тоа значи дека земјата како целина на овој начин не го зголемува националниот доход, како што е општо познато и дека со инфлација не се зголемува националното богатство. Сето ова води кон фактот дека вниманието треба да се насочи кон сестрано испитување на причините за настанување на трошоците и утврдување на мерки за контрола на трошењето на елементите на цената на чинење. Најмалата заштеда значи посредно или непосредно подобрување на финансискиот успех на претпријатието.

Стои, меѓутоа фактот дека одвреме навреме во поодделни кризни или слични ситуации на трошоците им се придавала посебна важност, се разбира имајќи предвид можности за рационализации и постигнување ефекти врз база на користење на неискористени резерви. Надвор е од секое сомнение дека трошоците биле набљудувани од различни аспекти - со тоа се тежнеело да се осветли нивната содржина и суштина. Идеја водител во секој случај била да се пронаоѓаат систематски начини да се влијае врз големината на трошоците со цел тие да се ставаат под контрола, односно да се пронаоѓаат средства, методи, информации и организациони решенија перманентно да се попречува неконтролираното трошење на средства и труд.

По природата на нештата нормално би било да се очекува развој на цел еден комплекс на литературна обработка на трошоците и условите кои предизвикуваат помали или поголеми трошења на средства или труд. Трошковната проблематика станала предмет и сиже во голем број предметни дисциплини. Таа денес посебно се развива во рамките на дисциплината за науката за трошоците во литературата позната под називот - Теорија на трошоците. Меѓутоа, опстоен третман проблематиката за трошоците нашла и во дела кои навидум не се целосно посветени на оваа проблематика. Таков е случајот со повеќе сметководствени дисциплини особено од обласа на менаџментот. Трошковната проблематика суштествено значење воспримила и во дисциплините: Политика на цените, Маркетингот и Менаџерската економија.

Содржината на тематската обработка со време е менувана. Некои видови или трошковни облици во определено време попримиле поголемо значење и со тек на време определени облици ја губеле својата предност во истражувањата. Таков е на пример случајот со општите трошоци. Своевремено овие трошоци претставувале речиси незначителен износ да во последните неколку децении заземат централна улога и значај. За економијата на директниот труд и директните материјали би можело да се каже дека се скоро во целост исцрпени можностите, така што општите трошоци се повеќе стануваат гравитациона точка и можност за подобрување на економичноста и рентабилноста.

Имајќи ја предвид големата улога и важност на трошоците на многукратните подрачја во дејствувањето на претпријатијата, проблематиката во врска со "Класификација на трошоците во современата литература и пракса" (со посебен осврт во тутунската индустрија во Македонија), обработена е во рамките на 5 дела. Се разбира, покрај овие делови, трудот содржи воведен дел и заклучоци.

Во воведниот дел, како што можеше да се насети направен е обид за образложување на целите на истражување и значењето на темата и содржината

на која е посветен трудот. Покрај тоа укажано е на суштинските подрачја на кои ќе се обрне особено внимание во текот на изработка на поодделните делови во чии рамки ќе се одвива главната композиција на проблемите на кои е посветена ***докторската дисертација***, а тие делови се:

I. **Улога и важност на трошоците во работењето на претпријатијата;**
II. **Поделба на трошоците во литературата и современата пракса;**
III. **Облици на глобална класификација на трошоците;**
IV. **Состојба и развоен подем на производството и преработката на тутун во Република Македонија;**
V. **Светски тенденции во производството и преработката на тутун и реализацијата на цигари.**

Во првиот дел се укажува на улогата и важноста на трошоците пред се како еден од клучните фактори на финансискиот резултат. Патем речено трошоците се секако најквалитетен показател за големината на финансискиот резултат и воопшто за работењето на претпријатието. Исто така во овој дел е посветено внимание на анализа на трошоците сфатени како услов за систематско подобрување на економичноста и рентабилноста.

Во рамките на вториот дел обработена е неопходноста од различни поделби на трошоци кои се среќаваат во современата литература и пракса. Особено заслужува внимание освртот врз суштината, улога и значењето на т.н. релевантни трошоци. Како што е познато трошоците се еднакво незаобиколен инструмент во водењето на деловната политика. Ова од причина што трошоците отсекогаш биле, а и денес се присутна компонента речиси на сите подрачја на деловното одлучување.

Третиот дел е посветен на поделбите, видовите и групациите на трошоците, а започнува со излагање на бројноста на поделбите чија условеност обично е предмет на дискусии. Различни цели со време диктирале и различни поделби на трошоци. Со цел да се утврди цената на чинење, трошоците отсекогаш морале да бидат поделени на директни и индиректни. Одделно поглавје одвоено е и за поделба на трошоците според обликот на производство. Реагирањето на трошоците во однос на промената на обемот на активностите ја наметнало потребата од поделба на трошоците на фиксни, варијабилни и релативно фиксни трошоци. Натамошните излагања во овој дел продолжуваат со групирање на трошоците од стојалиште на нивната контрола. Денес особено популарен тренд во разграничувањето на трошоците е според животниот циклус на производите. И на крајот, посебен третман заслужија определени групации на трошоците кои немаат свој посебен пандан, меѓутоа имаат свое место во теоријата на трошоците. Во прашање се граничните трошоци, постпроизводните трошоци, дистрибутивните трошоци и други.

Во четвртиот дел од трудот најнапред е даден осврт врз состојбата и развојните проблеми во тутунската индустрија во Македонија, а потоа се укажува и на позначајните поделби на трошоците актуелни во тутунското стопанство. Одделно внимание е посветено на карактеристиките на тутунското стопанство, како и на контролата на трошоците во производството и преработката на тутун.

И на крајот во петтиот дел следи интересен прилог за производството и преработката на тутун во светот како и реализацијата на цигари преку светските компании.

Согледувањата донесени врз база на опстојното проучување на сложената проблематика на трошоците, посебно во тутунската индустрија, се предмет на разгледување во последниот дел од трудот, односно во Заклучоците.